# Family Tax Benefit Part A (Даночна бенефиција за семејства, дел А)



## Family Tax Benefit Part A—Macedoian

Им помага на семејствата околу трошоците за одгледување на децата. Family Tax Benefit Part A (Даночна бенефиција за семејства, дел А) се плаќа за секое дете и се пресметува врз основа на комбинираниот годишен приход на семејството и возраста и бројот на зависни деца во вашето семејство.

Ако изберете да ја примате исплатата секои две недели, ќе треба да процените колку ќе изнесува приходот на вашето семејство во претстојната финансиска година. Исто така можете да изберете да примате Family Tax Benefit Part A годишно како еднократна исплата или дел од исплатите да ги добивате на две недели а остатокот на крајот на финансиската година. **Со овие можни начини на исплата ќе го намалите ризикот од преплатување.**

## Кој може да ја добива оваа бенефиција?

Мора:

- обезбедува грижа за 35% или повеќе од времето за зависно дете под 21 годишна возраст, или зависен редовен студент на возраст од 21 до 24 годишна возраст (вклучува родители и дедовци и баби на посинети деца);
- да ги исполнувате барањата за австралиско жителство кои се утврдени за добивање помош за семејства; **и**
- да ги исполнувате барањата според проверката на приходот.

Ако вие ја делите грижата за детето во однос 35% и 65% од времето, може да добиете дел од Family Tax Benefit Part A.

Ако редовно се грижите за детето во однос 14% и помалку од 35% од времето, сеуште може да ви следува делот за помош со кирија од FTB Part A и други државни додатоци како што се Health Care Card и понискиот процент од Medicare Safety Net.

## Колку можам да примам?

Сите износи се важечки од 01.07.2008.

**Максималните стапки на исплата* на Family Tax Benefit Part A се:**

| **За секое дете** | **Секои две недели** | **Годишно (вклучувајќи доплата)** |
|---|---|---|
| Помладо од 13 години | $151.34 | $4,631.85 |
| На возраст меѓу 13 и 15 години | $196.84 | $5,818.10 |
| На возраст меѓу 16 и 17 години | $48.30 | $1,945.45 |
| На возраст меѓу 18 и 24 години | $64.96 | $2,379.80 |

* Најголем износ се плаќа за семеен приход од $42,559. Плаќањата ќе се намалат за 20 центи за секој долар над $42,559 додека да го достигне основниот износ.

**Основните стапки на исплата* на Family Tax Benefit Part A се:**

| За секое дете | Секои две недели | Годишно (вклучувајќи доплата) |
|---|---|---|
| Помладо од 18 години | $48.30 | $1,945.45 |
| На возраст меѓу 18 и 24 години | $64.96 | $2,379.80 |

* Делумни плаќања на основниот износ се достапни за семеен приход до $94,316.

We speak your language ✆ 13 1202

www.familyassist.gov.au

Australian Government
Family Assistance Office

## Кои се проверките на приход?

- **За највисокиот износ:** Семејниот приход може да биде $42,559 годишно пред да влијае на плаќањата.
- **За делумен износ:** Ако вашиот приход е повеќе од $42,559 во годината, плаќањата ќе се намалат за 20 центи за секој долар над $42,559 додека се дојде до основниот износ. На ова ниво се плаќа се додека семејниот приход достигне $94,316 годишно.
- **Основен износ:** Ако вашиот приход е над $94,316 плаќањата ќе се намалуваат за 30 центи за секој долар над тој износ додека да дојдат до нула. Вашиот приход може да се зголемува за $3,796 за секое додатно дете за кое се грижите после првото дете.

Треба да се распрашате во Family Assistance Office (Служба за помош на семејства) кои се границите за приходи според возраста и бројот на децата во вашето семејство.

Ако примате детски додаток вашиот Family Tax Benefit Part A може да биде предмет на критериуми за приходот.

## Што е Family Tax Benefit Part A Supplement (Доплата на даночната бенефиција за семејства, дел А)?

Ова е зголемување на годишната стапка на Family Tax Benefit Part A од $686.20 по дете кое се плаќа како еднократен износ по завршетокот на финансиската година кога вие и вашиот партнер ќе поднесете даночна пријава. Јавете се во Family Assistance Office ако нема потреба вие и вашиот партнер да вложите даночна пријава. Family Tax Benefit Part A Supplement се користи за офсет кога на семејствата им се исплатило повеќе од што требало.

## Дали можеме да излеземе од Австралија и се уште да примаме Family Tax Benefit Part A?

Family Tax Benefit Part A може да ви се исплаќа ако вие или детето сте надвор од Австралија пократко од 13 недели. Ако сте отсутни повеќе од 13 недели, но пократко од 3 години, ќе можете да примате Family Tax Benefit Part A само според основната стапка на исплата. Мора да ги известите во Family Assistance Office за сите привремени отсутвувања пред вие или детето да излезете од Австралија за да можете да продолжите да ја примате бенефицијата за овој период.

## За повеќе информации:

- Телефонирајте за информации на македонски јазик од понеделник до петок во Family Assistance Office (Служба за помош на семејства) на **13 1202** меѓу 8.00 ч. Наутро и 5.00 ч. попладне (време на источната зона).
- Посетете ги Интернет страните **www.familyassist.gov.au**
- Посетете ја најблиската канцеларија на Family Assistance лоцирана во канцелариите на Medicare Australia, Centrelink Customer Service Centres и Australian Taxation Office.